# ,,Подобро е некој од вас да земе јаже, да донесе сноп дрва на грбот, да го продаде и со тоа Аллах да го заштити неговото лице, отколку да бара од луѓето – дали ќе му дадат или ќе го одбијат

Зубејр бин ел-Авам, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, рекол: ,,Подобро е некој од вас да земе јаже, да донесе сноп дрва на грбот, да го продаде и со тоа Аллах да го заштити неговото лице, отколку да бара од луѓето – дали ќе му дадат или ќе го одбијат."
[صحيح] [رواه البخاري]

Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, појаснил дека за човекот е подобро да се занимава со каква било работа – дури и да земе јаже, да собере дрва и да ги носи на грбот, потоа да ги продаде и од тоа да јаде или да подели како садака – со што ќе се заштити од понижувањето на просењето; отколку да бара од луѓето, па тие да му дадат или да го одбијат. Просењето е понижување, а верникот е чесен и достоинствен, а не понижен.

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/3785